ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **11.05.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на градоначалникот на општина Крива Паланка со почеток во 09:00 часот

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски .**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

-Од страна на Раководителот на Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Прв ребаланс на Буџет.

-Мерки за олеснување на бизнис секторот во услови на Ковид-19.

-Да се одговори прашалник за капицитет за општините за испорачување на услуги во услови на кризна состојба и прогласена состојба за време на Ковид-19 и истиот да биде испратен до Министерство за локална самоуправа.

-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

- Од страна на Раководителот Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-На ден 12.05.2020 година да се организира воведување во градба за тротоарите и за баскет игралиштето.

-Да се изготви известување до ОВР Крива Паланка за отпочнување на изградба на тротоари на десната страна на улица Св.Јоаким Осоговски.

-Да се даде налог на ЈП Комуналец за почеток на санација на дел од улица „Момир Стојановски“ (испод криворечка продавница).

-Да се види со Мелтон за поправка на оштетени и накривени знаци.

-Да се направи контакт со претседателот на месна заедница на с.Конопница и ЈП Комуналец во врска со поднесеното барање од страна на граѓаните околу преземањето на водоводот и истото да биде комплетирано и како точка на дневен ред да биде ставена за нареден совет.

-Со Иле (надзорен орган на магистрални патишта) да се направи увид кај обиколницата кај мотелот поради оштетени и накривени знаци.

Да се продолжи со крпење на ударни дупки.

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

-Обновување на сообраќајна вертикална и хоризонтална сигнализација-
Билјана Цветковска -Тасевска

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

- Да се одржи состанок во координација со директорот на ЛУ Градски музеј Драган Величковски во врска со организација за Театарски фестивал и Џој Фест

-Да се предложи тим од 5 лица за изработка на социјална карта и да се започнат подготовки за истата.

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот Јаготка Николовска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се направи корекција на Договорите за уредување на меѓусебни односи за тековно плаќање на трошоци кои произлегуваат од користење на административни простории и истите да бидат доставени до подрачните министерства.

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Раководителот Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Комуналните редари на ден 16.05.2020 година (сабота) да излезат на терен и да направат контрола во Зелениот градски пазар и да извршат пренасочување на локалните продавачи без користење на тезги на определени тезги.

- Градежниот испектор од наредната недела да спроведе континуирана контрола во градот бидејќи се констатирани голем број градежни активности со претходно направен увид од страна на Ненад Митовски.

- Раководителот на одделението да продолжи со пополнување на апликацијата за избор на најеколошка општина и истата да се достави до крајот на месецот.

-Тековни активности

**ЈП Комуналец**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-При барање на граѓани за приклучок на водовод и канализација претходно да се склучи договор, а за веќе приклучените да се направи увид дали се има некој приклучено нелегално без да плати надоместок за истото.

-Да се направи контрола и да се даде налог за расчистување на дворната површина и на тротоарите кај ЛУ Градски музеј-Крива Паланка.

-Управен одбор на ЈП Комуналец да донесе Правилник на тарифирање и за користење на тезгите на Зелениот градски пазар (и да се направи терк на договор со физичките лица за користење на објектите во истиот).

-Поставување информативни табли за спречување и забрана на продажба на отворено на Зелениот градски пазар.

-Подземната инфраструктура која е изградена, а истата не е предадена да се даде за внесување во ГИС- системот.

-Да се поставаат табли пред влезот на Спортско рекреативниот центар и на повеќенаменското игралиште за забрана на велосипедисти и возење на ролери за да не дојде до оштетување на атлетската патека.

-Да се почне со расчистување на извори и зафати на Калин Камен до 18.05.2020 година.

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се одржи состанок во координација со ЛЕР во врска со организација за Театарски фестивал , Џој Фест и останатите културни настани за 2020 година.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Седница на совет евентуално да биде одржана на 29.05.2020 година, достава на материјал до 19.05.2020 година и Биљана Тасевска да направи координација со Претседателот на советот на 22.05.2020 година.

**11.05.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**